Врз основа на член 24-а став 17 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 229/20), министерот за образование и наука утврди

# ПРАВИЛНИК

## за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во средното образование

### Член 1

Во Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во средното образование бр.19-2249/1 од 05.03.2013 година, бр.20-2928/1 од 02.03.2017 година, бр.13-5583/1 од 29.03.2021 година и бр.13-5583/2 од 31.03.2021 година, членот 5 се менува и гласи:

„1.За организирање на натпреварите здружението на наставници поднесува барање до Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството) за акредитација и организирање на натпревари по објавен Јавен повик.

2.Јавниот повик од ставот  на овој член се објавува на страна на Министерството во првото тромесечие во годината.

3.При поднесувањето на барањето за акредитација здруженијата на наставници доставуваат статут, правилник за организирање на натпреварите и тригодишен календар за спроведување на натпреварите за учениците во средните училишта и документацијата од член 24-а став 8 од Законот за средното образование.

4.Доколку на Јавниот повик се пријават две или повеќе здруженија кои ги исполнуваат условите согласно член 24-а став 8 од Законот за средното образование, Комисијата за акредитација на здруженија на наставници одлучува врз основа на дополнителни критериуми и тоа:

-бројот на наставници коишто членуваат во здружението,

-бројот на наставници од здружението коишто како ментори учествувале на меѓународни натпревари/олимпијади и

-добиените награди за освоени места на меѓународни натпревари/олимпијади каде што ментори биле наставници од здружението.

5.Здружението на наставници за организација на натпреварите се акредитира за период од три години.

6.За организирање на натпреварите се акредитира по едно здружение на наставници или сојуз на здруженија по одделен наставен предмет.

7.Учеството на учениците на натпреварите по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во средното образование е доброволно и бесплатно, односно не се наплаќа паричен надоместок од родителите/старателите на учениците.

8.Училиштето ги планира натпреварите во својата годишна програма за работа.

9.Акредитираното здружение на наставници на својата интернет страница секоја година јавно ги објавува прашањата, зададените задачи и/или темите кои се користеле при одржаните натпревари на ученици на општинско, регионално и државно ниво на натпреварите од претходната година кои треба да бидат преведени на сите наставни јазици."

Член 2

По членот 5 се додава нов член 5-а кој гласи:

„Член 5-а

Акредитираните здруженијата на наставници, во тригодишниот календар за спроведување на натпреварите за учениците во средните училишта на општинско, регионално и државно ниво, утврдуваат датуми на одржување на натпреварите со втор опционален датум, со цел во ист ден и во исто време да нема одржување на повеќе од еден натпревар на учениците и истите ги објавуваат на интернет страницата на акредитираното здружение и за истото го известуваат Министерството.

Министерството на својата интернет страница го објавува Календарот за спроведување на натпреварите за учениците во средните училишта на општинско, регионално и државно ниво."

Член 3

Во член 6 во ставот 2 по алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:

„-доколку здружението на наставници бара паричен надоместок од родителите/старателите на учениците за учество на натпреварите по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво;"

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Министер за образование и наука
Ministër i Arsimit dhe Shkencës
Doc.Dr.Jeton Shaqiri

Бр. 13-3711/1

29 MAR 2024 2024 година
Скопје